Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-342/5 од 27.01.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 3-та седница одржана на 27.01.2022 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ И 3Г УСБ МОДЕМ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Во насловот на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година и арх.бр.01-1087/1 од 23.02.2016 година, зборовите: „и 3Г УСБ модем“ се бришат.

## Член 2

Во членот 1, насекаде во текстот зборовите: „и 3Г УСБ модем“ се бришат.

## Член 3

Во членот 2 се вршат следните измени и дополнувања:

- во насловот на членот зборовите: „и 3Г УСБ модем“ се бришат;
- ставот 3 се брише;
- во ставот 4 (кој со овие измени и дополнувања станува став 3), се вршат следните измени:
  - зборовите: „и став 3“ се бришат и
  - зборовите: „претседателот на Советот на Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата“;
- во ставот 5 (кој со овие измени и дополнувања станува став 4), зборовите: „претседателот на Советот на Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата“;
- во ставот 6 (кој со овие измени и дополнувања станува став 5), се вршат следните измени:
  - зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 3“;
  - зборовите: „став 5“ се заменуваат со зборовите: „став 4“, и
  - зборовите: „претседателот на Советот на Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата“;
- во ставот 7 (кој со овие измени и дополнувања станува став 6) зборовите: „и на 3Г УСБ модем“ и „и 3Г УСБ модемот“ се бришат;
- во ставот 8 (кој со овие измени и дополнувања станува став 7), се вршат следните измени и дополнувања:
  - зборовите: „и на 3Г УСБ модем“ се бришат;

- по зборовите: „сим картичка“ интерпукцискиот знак запирка (,) се заменува со сврзникот „и“, и
- зборовите: „и со по еден 3Г УСБ модем“ се бришат.

**Член 4**

Во членот 3 се вршат следните измени и дополнувања:

- во насловот на членот зборовите: „и 3Г УСБ модем“ се бришат;
- во ставот 1 зборовите: „и на 3 Г УСБ модем“ се бришат;
- ставот 3 се брише;
- во ставот 4 (кој со овие измени и дополнувања станува став 3), зборовите: „и став 3“ се бришат;
- ставот 5 станува став 4;
- во ставот 6 (кој со овие измени и дополнувања станува став 5), се вршат следните измени:
  - зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 3“, и
  - зборовите: „став 5“ се заменуваат со зборовите: „став 4“;
- во ставот 7 (кој со овие измени и дополнувања станува став 6) се вршат следните измени:
  - зборовите: „и на 3Г УСБ модеми“ се бришат;
  - зборовите: „ставовите (2), (3) и (5)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (2) и (4)“ и
  - зборовите: „и 3Г УСБ модемот“ се бришат;
- во ставот 8 (кој со овие измени и дополнувања станува став 7) се вршат следните измени и дополнувања:
  - зборовите: „и на 3Г УСБ модем“ се бришат;
  - по зборовите: „сим картичка“ интерпукцискиот знак запирка (,) се заменува со сврзникот „и“, и
  - зборовите: „и со по еден 3Г УСБ модем“ се бришат.

**Член 5**

Членот 4 се менува и гласи:

**„Отуѓување и расходување на службен мобилен телефон**

**Член 4**

Периодот за амортизација на службените мобилни телефони согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), а со оглед на брзиот технолошки развој на овој тип на уреди, изнесува 2 (две) години.

Секој вработен кој е задолжен со службен мобилен телефон е должен да се грижи за истиот и во случај на негово механичко оштетување, должен е да го доведе до исправна состојба на свој трошок, и нема право да побарува нов поради оштетување на претходно дадениот мобилен телефон.

Во случај на губење вработениот е должен да ја надомести разликата согласно утврдената амортизација на службениот мобилен телефон.

Во случај на кражба задолжително да се достави полициски записник, и доколку е оправдано образложението, вработениот нема да се терети со сметководствената вредност, а со Пописот на основни средства ќе се изврши отпис.

Доколку во периодот за амортизација утврден во став 1 на овој член, истече времето за кое се именувани членовите на Советот на Агенцијата, истече мандатот на директорот на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата или престане работниот однос на вработен во Агенцијата, лицата се должни службените мобилни телефони добиени со субвенција во рок од 2 (два) работни дена да ги вратат во Секторот за информатичка поддршка и општи работи, во добра состојба или доколку одлучат да ги задржат истите се должни на Агенцијата да и ја надоместат разликата согласно утврдената амортизација на службениот мобилен телефон добиен со субвенција. Директорот на Агенцијата донесува одлука за отуѓување на службени

мобилни телефони по претходно добиена согласност од Советот на Агенцијата.

По истекот на рокот за амортизација утврден во став 1 на овој член, службените мобилни телефони добиени со субвенција се расходуваат по предлог на Комисија формирана за таа намена, за што директорот на Агенцијата донесува одлука за расходување на службен мобилен телефон. Расходуваните мобилни телефони добиени со субвенција, може да се предадат на лицата кои дотогаш ги користеле врз основа на поднесено барање и потпишан записник за примопредавање, а истите ќе се отпишат при попис на основните средства.

Расходуваните мобилни телефони може да се отуѓат и по пат на подарок за хуманитарни цели или по пат на уништување.“

**Член 6**

Во останатиот дел Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не се менува.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.01-388/1**

**28.01.2022 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**